# УПАТСТВО ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ ЗА МАЛ И СРЕДЕН ГРАНТ

**Без разлика дали аплицирате за мал или среден грант, упатство за обата вида грант има низ целиот текст – прочитајте сè!**

## Проблематика на проектот

**Целта на програмата „д-р Љупчо Меловски“ е да овозможи оформување и зајакнување на личните капацитети на апликантот и членовите на тимот за поставување, спроведување и известување за еколошко истражување**. Проектите може, но не мора да исполнуваат и други цели, како кревање на јавната еколошка свест и заштита на животната средина и природата.

Предност имаат проекти кои се занимаваат со истражување на биолошката разновидност. Проекти чија главна цел е печатење на книги/брошури или набавка на опрема, и значаен дел од буџетот е распределен на тој начин, нема да бидат финансирани. Од друга страна, охрабруваме инвестирање во лична надградба на професионалните вештини на апликантот и членовите на тимот, како набавка на литература или следење на курсеви за анализа на податоци, работа со бази на податоци, статистички софтвери, ГИС, и слично, кои значително би помогнале во изведување на проектот и идниот развој на тимот. Опремата набавена за остварување на целите на проектот треба да остане во лична сопственост на раководителот, односно не смее да биде користена за опремување на веќе воспоставени институции или лаборатории.

## Квалитет на предлог проектот

Квалитетот на предлог проектот ќе биде оценуван според:

- дефинираност на главните цели на проектот (хипотези и прашања),
- дефинираност и остварливост на активностите,
- стручниот стил на пишување (користена литература, цитирање, правопис, концизност, следење на насоките на повикот).
- очекуваните резултати.

## Раководител на проектот

За мали грантови, кандидатот треба да биде на возраст од 18 до 26 години на денот на аплицирање и може, но не мора да има претходно искуство во проблематиката на

проектот. Идниот раководител на мал грант на проект потребно е да пронајде ментор кој ќе го води низ истражувачкиот процес. Менторот треба да е искусен истражувач, но не мора да е експерт од тесната област во која кандидатот сака да ги развие своите истражувачки прашања. Менторот со своето истражувачко искуство треба да му помогне на раководителот да постави остварливи истражувачки цели и определи соодветна методологија на работа. Менторот треба да го води кандидатот низ пишувањето на наративниот извештај.

За средни грантови, кандидатот мора да има претходно искуство во форма на успешно спроведен мал грант од оваа програма, или да достави потврда за успешно спроведен проект сличен по обем на мал грант. Раководителот на среден грант исто така треба да биде воден низ процесот на аплицирање, спроведување и пишување на извештај од страна на ментор, но за разлика од малиот грант, менторот мора да биде експерт од специфичната област на истражувачкиот проект. Менторот со своето истражувачко искуство треба да му помогне на раководителот да постави остварливи истражувачки цели и соодветна методологија на работа. Менторот треба да го води кандидатот низ пишувањето на наративниот извештај и на научниот труд кој се очекува да биде поднесен до крајот на проектот.

За обата вида грант значајно е претходното учество на раководителот во други проекти, размена на студенти, учество во студентски истражувачки акции, екошколи, објавени трудови, учество на научни и стручни собири и сл.

## ЧЛЕНОВИ НА ПРОЕКТНИОТ ТИМ

Бројот, возраста и искуството на членовите на проектниот тим се важни критериуми при оценувањето. Предност имаат проекти чии тимови се составени од млади истражувачи, активни во истражувачки студентски и ученички здруженија или активни членови на Македонско еколошко друштво. **Максимален број на останати членови во тимот е два** (не броејќи ги раководителот и менторот).

## ВРЕМЕНСКА РАМКА, БУЏЕТ НА ПРОЕКТОТ И ДОГОВОР

Временската рамка треба да биде логична и јасно да ја прикажува динамиката на реализирање на активностите за постигнување на главната цел на проектот. За време на изведувањето на проектните активности мора да се адаптираме на сите непредвидени ситуации, па така неретко настануваат промени во временската рамка, но секогаш се обидуваме да бидеме конзистентни.

Буџетот на проектот мора да биде реален и јасно прикажан по предвидените резултати и активности. Финансирање од дополнителни извори е возможно, но не е неопходно. Проектите и нивните буџети не треба да предвидуваат исплати по договор

на дело, односно хонорари за интелектуални услуги. Ваков вид на исплати се возможни само за занаетчиски работи (на пр., столар или заварувач за изработка на материјали за истражување). Секоја буџетска линија (ред од ексел табелата со буџетот) која изнесува повеќе од 10% (мал грант) или 5% (среден грант) од вкупниот износ на грантот треба биде многу јасно објаснета. На пример, доколку буџетирате различна лабораториска опрема како потрошен материјал и збирната сума е над погоре споменатите суми, тогаш направете буџетска линија за секој различен предмет посебно. На овој начин ќе се намали сумата за секоја линија. Доколку ова е невозможно, тогаш поединостите мораат да бидат детално објаснети во белешката во последната колона.

Целосната сума се исплаќа на рати, од кои **последната рата од 10% се исплаќа по успешна реализација на проектот** – за времетраењето на проектот овие средства се очекува раководителот да ги обезбеди сам. Сите поединости за реализација на проектот и добивањето на одобрените средства се наоѓаат во договорот кој успешните апликанти ќе треба да го потпишат со МЕД.

## Апликација

Урнек за временската рамка и буџетот за мал грант може да најдете овде, а за среден грант овде. Урнек за апликација може да најдете овде, а празна пропратна рамка со активности на следниот линк. Внатре се наоѓаат детални информации за пополнувањето на апликацијата и буџетот - следете ги инструкциите и коментарите. Дополнително, симнете пример-апликација, пример-рамка на активности и пример-финансиски извештај кои се веќе пополнети со содржина од фиктивен успешен мал грант – користете ги овие пополнети урнеци како водилка.

| | |
|---|---|
| Износ за грант: | До:<br>• 80 000 денари (мал грант)<br>• 200 000 денари (среден грант) |
| Кој може да аплицира: | Млади истражувачи, на денот на аплицирање не постари од:<br>• 26 години (мал грант)<br>• 30 години (среден грант) |
| Процес на селекција на поднесените предлог проекти: | Изборот ќе се одвива во следните чекори и временски рокови:<br>• Краен рок за поднесување на предлог проектите:<br>  ○ Мал грант 31.01.2026 на полноќ<br>  ○ Среден грант 15.02.2026 на полноќ<br>• Оценувањето на предлог проектите најчесто трае околу една недела по која се познати проектите кои успешно ја |

| | |
|---|---|
| | прошле првата фаза и продолжуваат во фазата на консултација со научната комисија и координаторот. Конечната одлука зависи од процесот на финализирање на предлозите согласно можните сугестии од научната комисија (потреба од дообјаснувања, промени во буџетот, итн.) и варира помеѓу кандидатите.<br>• По избор на успешни проекти и подготовка на договорите, ќе се одржи состанок помеѓу координаторот на програмата и одбраните раководители во канцеларијата на МЕД. |
| **Имплементација и времетраење на проектите:** | Проектите треба да се реализираат:<br>• во тек на максимум 9 (девет) месеци, почнувајќи од март/април и заклучно со 30ти ноември 2026 година (мал грант).<br>• во тек на максимум 21 (дваесет и еден) месец, почнувајќи од март/април и заклучно со 30ти ноември 2027 година (среден грант). |
| **Извештај за напредок на проектот и исплата на одобрени средства** | По одобрувањето, 50% од одобрените финансиски средства ќе се исплатат на почетотокот од реализацијата на проектот;<br>• Мал грант: прелиминарен финансиски извештај не подоцна од 15.09.2026 со барање за исплата на втората рата (40%). Доколку е потребна порана исплата на дел од втората рата, раководителот треба да поднесе финансиски извештај со барање за средства (најрано во јули). Втората рата може да биде исплатена на два рати – секогаш мора да биде проследена со финансиски извештај и соодветно барање за исплата.<br>• Среден грант: прв прелиминарен финансиски и наративен извештај не подоцна од 15.02.2027 по чие прифаќање следи исплата на втората рата (40%) – можна исплата на две рати, зависно од финансискиот извештај.<br>Последните 10% се исплаќаат по прифаќањето на завршните извештаи.<br>**Напомена:** се очекува добитниците на грант последните 10% да ги обезбедат од сопствени/други извори и да ги искористат за целосно реализирање на предвидените активности. Истите треба |

| | |
|---|---|
| | да бидат вклучени во финансискиот извештај. Не е дозволено да се приложат докази за финансирање на проектот (сметки, фактури и др.) со датум надвор од предвидениот почеток и крај на проектот (дефинирани во договорот). Целиот буџетиран потрошен материјал и опрема мора да бидат набавени на почетокот на проектот, но не подоцна од половина од предвидената временска рамка (ако проектот трае 9 месеци, тоа е не подоцна од 4 месеци и 15 дена). |
| **Завршен извештај** | Завршниот извештај по проектот (наративен и финансиски) треба да биде поднесен најдоцна до 30.11.2026 година (мал грант) и 30.11.2027 година (среден грант). |
| **Завршен настан** | • Мал грант: По поднесување, рецензија и финализирање на завршните извештаи, на почетокот на 2027[та] е предвиден завршен настан каде преку куси презентации раководителите ќе ги презентираат финалните извештаи од проектите.<br>• Среден грант: По поднесување, рецензија и финализирање на завршните извештаи, на почетокот на 2028[ма] е предвиден завршен настан каде преку куси презентации раководителите ќе ги презентираат финалните извештаи од проектите. |